Тони МИЛЕСКИ **УДК: 911.3:32**

# ГЕНЕЗА НА ПОЛИТИЧКО - ГЕОГРАФСКИТЕ СВАЌАЊА

## *Вовед*

Во денешни услови терминот политичка географија се употребува како скратен и поедноставен поим во кој на најтесен начин партиципираат три фундаментални содржини. Станува збор за една тријада која ја формираат политичката географија во потесен смисол на зборот, геополитиката и геостратегијата.

Најопшто, политичката географија може да се дефинира како научна дисциплина која се занимава со проучување на взаемното дејство помеѓу географскиот простор и политичките процеси. Притоа, може да се каже дека просторните карактеристики, најчесто географската положба се разгледува како најсуштествен елемент на политичката географија.

Политичката географија всушност претставува географија на моќта, односно географија на оние содржини кои даваат свој придонес во разбирањето на сето она што претставува релевантна рамка во поглед на моќта и немоќта на државата како темелен субјект во политичката географија. Политичката географија е насочена кон интерпретација на политичката карта во сегашноста и минатото, разоткривање на просторните различности и појави со политички карактер, како и осознавање на специфичноста на територијалното формирање и политичко развивање на државите во регионите, односно политичката географија претставува наука која ги проучува варијететите на политичките феномени на различни географски широчини. Самата суштина на политичката географија е во политичкиот простор, односно секое политичко значење на просторот е во тесна корелација со климата, ландшафтот и природните ресурси.

Интересни се видувањата кои потенцираат дека политичкиот простор е повеќе димензионален. Имено, просторот е хоризонтален кога тој се перцепира по својата форма, размер, местоположба и природни ресурси на конкретниот политички субјект. Политичкиот простор е вертикален, во ситуација кога тој се набљудува од аспект на взаемното дејство помеѓу човековите цели, законите и економските средства. Просторот има и трета димензија, односно времето. Оваа димензија ја разгледува меѓусебната интеракција на хоризонталниот и вертикалниот простор во одреден временски период.

Акцептирајќи ја временската димензија сосема е евидентно дека сваќањата за политичката географија се менувале од период во период во зависност од актуелната политичко-географска реалност.

## Почетоци на политичко-географските погледи

Античкиот период, претставува период во кој се лоцираат најраните зачетоци, односно зародишот на политичко-географските погледи. Уште во тоа време, Аристотел ги конектирал обликот на владеење и релјефните услови истакнувајќи дека на олигархијата и монархијата најдобро би ѝ одговарала акропола, на демократијата рамнина, а на аристократијата што повеќе фортификациски објекти. Исто така, Страбон го истакнува значењето на географијата за активностите на државниците и воените заповедници.[1] Старите Грци изработувале карти во кои како основа на геополитичката поделба на светот била земена климата, односно нејзините карактеристики во одредени региони.

Основните начела на политичката географија се сретнуваат во делата на Вилијам Пети (1623 - 1687), еден од основачите на политичката економија. Во неговата книга „Политичка автономија на Ирска“ издадена во 1672 година, Пети ги презентира неговите размислувања за

[1] Pavić R. "Osnove opće i regionalne političke geografije, geopolitike i geostrategije ( I i II dio), Sveučilište u Zagrebu, 1973, str. 27.

државната територија и нејзината географска положба, како и односот кон населението како основа на економскиот потенцијал на државата. Името политичка географија го употребувал и Кант во неговата класификација на географските дисциплини. Конечно, кон крајот на XIX век Расел ја формира политичката географија како научна дисциплина и ги разработува поголемиот дел на поважните теми кои и денес се акцептираат како фундаментални за предметот на политичката географија. Во 1897 година излегува Раселовата политичка географија (Politische Geopgraphie), која претставува прв систематзиран труд од областа на политичката географија. Во неа се дадени првите систематски анализи на политичките реони. Интересни се анализите кои Расел ги прави во неговата студија со наслов „Закон за територијалниот развој на државите", а кои набљудувани од денешна временска дистанца се мошне актуелни. Расел потенцира дека граничните спорови водат до војни, затоа што границите се основната пречка за зголемување на државната територија, чија површина се зголемува со развојот на културата. Расел додава, дека ниту еден примитивен народ во историјата не создал голема држава[2]. Целокупната основа на Раселовите проучувања се просторот и географската положба. Поради тоа тој се смета за „татко" на модерната политичка географија.

По завршувањето на првата светска војна, во развојот на политичко-географските сфаќања јасно се издиференцирале две насоки:

- Од една страна, политичката географија како објективна и научно заснована дисциплина;
- Од друга геополитиката која не е можно да се третира како наука , туку како продолжение на поранешните пангермански[3] идеи.

---

[2] Карастоянов С., „Политическа география, геополитика и геостратегија", Университетско издателство „Св. Климент Охридски", София, 1997, стр. 25.

[3] Пан - движења, движења кои имаат за цел да обединат одделни поголеми групи нации, земји, дури и цели континенти. На пример: панамериканизам, пангерманизам, панславизам, панисламизам и др.

## Хертланд & Римланд

На геополитиката и се приклучиле голем број научници од целиот свет. Еден од најугледните аналитичари, британскиот географ и политичар Харолд Мекиндер (1861 - 1947) во почетокот на дваесеттиот век развива теорија која, и до ден денес се смета за класичен пример на геополитиката. Во 1904 година се појавува неговата статија „Географски столб на историјата" во која Мекиндер прави анализа и прогноза на политичките сили во светот. Според него Европа, Азија и Африка го формираат „светскиот остров" и „оската на историјата", чиешто јадро претставува евроазиското степско пространство. Тоа пространство Мекиндер го нарекува Хертланд (Heartland) - средиште на земјата. Мекиндер под „столб" на историјата ги подразбира деловите на Русија во Европа и Азија, Западна Кина, делови од Монголија, Авганистан и Иран. Во подоцнежните негови трудови, тој го раширува опфатот на Хертландот во западен правец.

Во 1919 година[4] излегува неговата книга под наслов „Демократските идеали и реалноста". Во неа тој истакнува дека „срцето на континентот" на нашата Земја е најзначајниот простор кој е предопределен да владее со светот. Оттогаш во јавноста добиваат на значење неговите три тези:

*...Кој владее со Источна Европа, владее со срцето на континентот*

*Кој владее со срцето на континентот тој владее со Светскиот-остров*[5]

*Кој владее со Светскиот-остров тој владее со целиот Свет...*

Мекиндеровата теорија несомнено имала многу големо влијание врз политичката теорија и практика. Американскиот географ Пирс

---

[4] Во некои извори за година на издавање на книгата „Демократските идеали и реалноста" се споменува 1918.

[5] Светски остров - Европа, Азија и Африка кои сочинуваат 2/3 од светското копно.

истакнува дека независно од тоа дали Мекиндеровата теорија ќе ја сметаме за факт или фантазија, целата американска концепција на „задржување[6]", è неразделно поврзана со теоријата за „срцето на континентот"[7].




*Сл.1 Развојот на Хертланд според Мекиндер*

1 - Границите на Хертланд во 1904 год.;
2 - проширување на Хертланд во 1919 год.;
3 - преместување на источната граница во западна насока (1943);
4- пустински земји;
5 - степи.




*Сл. 2 Просторна положба на Хертланд и Римланд*.*

[6] Надворешната политика на САД во текот на студената војна често е одредувана со терминот „задржување" кој имплицира на задржување на комунизмот во постојните граници и спречување на неговото ширење. Пошироко види: Начевски Р., „Регановата стратегија-клучен фактор на победата во меѓустратегиската борба запад-исток и фрагментацијата на реал-социјализмот како систем", Годишен зборник на Филозофски факултет, Скопје, 1998 и Taylor J.P., „Political Geography, World Economy, Nation State and Locality-third edition", Longman Scientific & Tehnical, Essex, 1993 pp. 91-98.

[7] Карастоянов С., „Политическа география, геополитика и геостратегија", Университетско издателство „Св. Климент Охридски", София, 1997, стр. 30.

*) Под поимот Римланд се подразбира територијално дефиниран дел на земјината површина кој заедно со подрачјето на Хертланд претставува еден од основните политичко-географски содржини. Самиот термин бил промовиран кон крајот на Втората светска војна. Во рамките на Римланд спаѓаат поголемиот дел приморски земји или земји кои се наоѓаат во близина на море, односно цела Европа (без рускиот дел), Средоземието, дел од северна Африка, Блискиот и Средниот Исток, Индија, Индокина, бреговите на Кина, Кореја, Индонезија и Јапонија (види сл.2).




*Сл. 3 Светот според Мекиндер.*
1 - Хертланд; 2 - Басен на меѓу континенталниот океан;
3 - Пустинска ивица; 4 - Басен на светскиот океан

Американскиот адмирал Махон (1840 - 1914) развива теорија која претставува дијаметрална спротивност на теоријата на Мекиндер. Имено, Махоновата теорија се базира врз претпоставките за јака поморска сила која ќе биде во состојба да доминира со морските пространства. Во неговиот труд „Влијанието на морската сила врз историјата“, Махон истакнува дека главен фактор при определувањето на судбината на народите е морето и преку него се обезбедува доминација во светот. Анализирајќи ја Велика Британија, Махон потенцира дека за безбедноста на државата пресудна улога има должината на нејзината брегова линија и карактерот на пристаништата, а не големината на државниот простор.

За реализирање на стратегиските цели на САД, Махон предлага изградба на Панамскиот канал, воспоставување контрола над Карибското море и анексија на Хаваите. Денес сме сведоци дека неговите определби се реализирани од страна на САД.

Николас Спајкман (1890-1944) претставува директен наследник на доктрината на Махон во геополитички смисол. Спајкман е автор на „Американската стратегија во светската политика“ и „Географија на мирот“, публикувани во 1942 и 1944 година. Спајкман промовира две географски величини во светската политика и тоа Стар и Нов свет. Првиот го сочинуваат Евроазија, Африка, Австралија и помалите острови кои се наоѓаат во близина на споменатите континенти, додека вториот или Новиот свет го сочинуваат Америка и западната хемисфера. Двата света, според Спајкман се испреплетуваат еден со друг преку Атлантскиот и Тихиот океан. Основна карактеристика на Новиот свет е неговата хегемонистичка суштина под влијание на САД, додека стариот свет е разделен и во него недостасува доминирањето на една сила. Според анализите на Спајкман најдобра стратегија на САД во поглед на одржување на разединетоста на Стариот свет е истата да се валоризира преку активна надворешна политика. Таквата определба САД би можела да е реализира преку воспоставување на сојузи со послабите држави во тој регион. Спајкман ја парафразира познатата фраза на Мекиндер на следниот начин:

Кој го контролира Римланд, тој управува со Евроазија;

Кој управува со Евроазија, тој ја определува судбината на светот.




*Сл. 4 Светот според Спајкман*

На геополитиката и се приврзале и некои водечки германски географи со цел да го оправдаат германскиот *Drang nach Osten*, при што може да се примети дека Карл Хаусхофер[8] го прилагодил Мекиндеровиот концепт на германските стратешки потреби. Во текот на 1924 тој започнува да го издава списанието „Геополитика" (Zeitschrift fur Geopolitik), додека покасно во Минхен го формира Институтот за Геополитика. Германските геополитичари сметаат дека геополитиката е практично продолжение на политичката географија. Хаусхофер, разликата помеѓу двете области (политичката географија и геополитиката) ја интерпретира на следниот начин: политичката географија ја разгледува државата под лупата на пространството, додека геополитиката - пространството од гледна точка на државата. Според него доминацијата на Германија на исток и на запад во Европа е неизбежна за помалите држави, а конфликтите кои притоа ќе се предизвикаат се потполно оправдани, бидејќи целта е доминација над Европа. Хаусхофер смета дека „светскиот остров" на Мекиндер треба да претставува шема за германската хегемонија над новиот светски поредок. Германските политичари имале две цели во „светскиот остров". Прво, доминација над Русија и контрола на Евроазија и уништување на британската поморска сила. Словенските земји на Источна Европа, според Хаусхофер треба да се обединат под контрола на Германија, односно Источна Европа да стане мост за Германските амбиции во Евроазија. Хаусхофер

[8] Karl Haushofer (1869 - 1945) ги формулирал и делумно, било директно или индиректно ги пренел на Хитлер идеите кои имале големо влијание на неговите стратегиски планови. За Хаусхофер постојат податоци според кои неможе со сигурност да се потврди неговата директна поврзаност со нацистите. Имено, неговата жена била еврејка, а неговиот син Алберт го убиле нацистите, затоа што учествувал во заверата против Хитлер, додека самиот Хаусхофер одреден период бил во концентрационен логор. Покрај тоа Карл Хаусхофер се залагал за сојуз со тогашниот СССР, а не за војна, бидејќи според него методите на „блицкригот" нема да можат да завладеат со така големо пространство какво што е руското. Тоа значи дека злоупотребата на политичката географија и геополитичките деформации можат да се препишат на општите услови и политичката клима во предвоена Германија. Види пошироко: Pavić R. "Osnove opće i regionalne političke geografije, geopolitike i geostrategije ( I i II dio), Sveučilište u Zagrebu, 1973, str. 390-391.

и неговите соработници ја оправдуваат војната и ја разбираат како неопходна појава, односно како последица на „географската судбина“[9].

### Период после Втората светска војна

По Втората светска војна динамичниот развој на политичката географија и геополитиката è првенствено застапен во западно-европските држави: Велика Британија, Франција како и САД . Во тој период во развојот на политичката географија се издиференцирани три приода, и тоа пејзажен, еколошки и ограничен. Пејзажниот приод се фокусира на проучување на географската положба, површината и формата на државата, административната поделба, државните граници и меѓународните интеграции. Суштината на еколошкиот приод е претставување на начините за приспособување на човековото поведение и политичките структури кон карактерот на одреден простор. И на крај, ограничениот приод се засновува на Раселовата концепција за државата како организам[10].

Најистакнат претставник на политичка географија после Втората светска војна е американскиот географ Ричард Хартшорн. Во својот труд „The Functional Approach in Political Geography“, Хартшорн ги определува четирите методолошки приоди на политичката географија. Прво, анализа на силата, односно на военостратегискиот потенцијал. Второ, анализа на историјата, трето морфолошка анализа и четврто функционална анализа. Интересна е неговата теорија на територијалната интеграција. Имено, за што станува збор? Според Хартшорн територијалната интеграција зависи од два вида сили: центрифугални сили кои ја разделуваат државата и центрипетални сили кои ја одржуваат компактна. Како центрифугални сили тој ги потенцира јазикот, етничките и религиозните разлики како најчести причини за територијалните

[9] Карастоянов С., „Политическа география, геополитика и геостратегија“, Университетско издателство „Св. Климент Охридски“, София, 1997, стр. 34 - 35.

[10] Исто, стр. 48.

конфликти во државите, но и политичката филозофија, образованието и начинот на живеење. Сите споменати елементи во различни земји се поврзани со граѓански војни и поделби. Од друга страна, Хартшорн како најважна центрипетална сила ја идентификува идејата за државата[11].

По Втората Светска војна особено е забележителен зголемениот интерес за проучување на електоралната географија (географија на изборите) за која се смета дека претставува дел од, во поширок смисол набљудуваната политичка географија. Електоралната географија претставува наука, чија основна цел е претставување на статистички и картографски информации за бројот и територијалниот распоред на населението според неговиот етнички состав и религиозна припадност[12]. Денес, може да се каже дека современата политичка географија и геополитика голем интерес пројавуваат за етничките малцинства и локалните култури, односно акцент е ставен на проучувањето на етничките малцинства, нивните проблемите и нивното разрешување.

Сублимирајќи ги проучувањата на плејадата теоретичари од областа на политичката географија може наполно да се согласиме дека највисоката форма на таквите иследувања претставува политичко-географската прогноза. Како примери за политичко-географска прогноза ќе ги посочиме анализите на Збигњев Бжежински кој го предвидува распадот на поранешниот СССР и основните карактеристики на демократската преобразба на Источна Европа. Во поглед на идниот светски поредок, Бжежински потенцира дека со колапсот на единствениот ривал на САД, настапува хегемонија од нов тип во која САД дошле во позиција да бидат единствената глобална сила во воен, економски, технолошки и културен поглед. Таквиот глобален примат според Бжежински е неопходен затоа што во негово отсуство глобалниот поредок би бил заменет со глобална анархија. Бжежински

---

[11] Пошироко во: Taylor J. P., "Political Geography, World Economy, Nation State and Locality-third edition", Longman Scientific & Tehnical, Essex, 1993 p.p. 150-153.

[12] Карастоянов С., „Политическа география, геополитика и геостратегија", Университетско издателство „Св. Климент Охридски", София, 1997, стр. 50.

покрај глобалниот примат на САД, идентификува и геополитички играчи и геополитички стожери. Геополитички играчи се оние држави кои имаат способност и национална волја за примена на моќ или влијание надвор од своите граници со цел менување на постоечките геополитички односи. Како главни геополитички играчи на новата карта на Евроазија, Бжежински ги издиференцирал Франција, Германија, Русија, Кина и Индија. Државите чие значење не произлегува од нивната моќ и мотивација туку од нивната чуствителна просторна лоцираност која може да влијае на однесувањето на геополитичките играчи, Бжежински ги нарекува геополитички стожери. Како геополитички стожери тој ги издвојува Украина, Азербејџан, Јужна Кореја, Турција и Иран[13].

Исто така интересни се прогнозите на Семјуел Хантингтон за „Судир на цивилизациите“ како можен иден светски поредок. Хантингтон идентификува седум светски цивилизации (Кинеска, Јапонска, Индиска, Исламска, Православна, Западна, Латиноамериканска и можеби Афричка). Најголемата опасност според Хантингтон се судирите по линијата на разделување на овие цивилизациите за кои може да се каже дека имаат осцилаторен карактер во поглед на нивниот интензитет на манифестирање. Најверојатно авторот сака да укаже на нивниот подолг период на пројавување. Главните забелешки на Хантингтоновата парадигма одат во насока на искажаната противречност во поглед на промовирањето на една оптимистичка и една песимистичка слика на светот, која од една страна протежира судир, а од друга коегзистенција помеѓу цивилизациите[14].

---

[13] Brzezinski Z., “Velika šahovska ploča”, Inted i Hrvatska udruga za meunarodne studije, Varaždin 1999, str. 32-43.

[14] Види пошироко: Hantington S., “Sukob civilizacija i preustroj svetskog poretka”, Izvori, Zagreb, 1997.




*Сл. 5 Свет на цивилизации според Хантингтон*

Според Хенри Кисинџер, креирањето на новиот светски поредок ќе биде одбележен со две контрадикции. Имено станува збор од една страна за фрагментацијата, а од друга растечката глобализација. На ниво на односи помеѓу државите новиот светски поредок ќе биде сличен на оној кој доминирал во 19 век и кој ќе содржи шест големи сили: САД, Европската Унија, Кина, Јапонија, Русија и можеби Индија, како и мноштво на средни и мали државички[15].

Џозеф Џоф согледувајќи ги трендовите во меѓународните односи поставува три можни сценарија. Прво, повторно навраќање на рамнотежа на силите, што подразбира состојба во која повеќе држави - Русија, Кина, ЕУ, Јапонија и можеби Индија се здружуваат и ги обединуваат своите сили со цел балансирање и задржување на единствената супер сила САД. Второ, борба помеѓу културите, што всушност претставува теоријата на С. Хантингтон за судир на цивилизациите.

[15] Turek, F., "Novi svjetski poredak", Međunarodne studije, Vol I., br. 1., Zagreb 2000 str. 127-128.

Третото сценарио е теоријата на Фукујама за „крајот на историјата" каде што војната помеѓу идеологиите завршува со победа на моделот на либерално-демократскиот капитализам. Значи дека општествениот прогрес и либералната демократија е насоката кон која се движи целиот свет[16].

Според британскиот дипломат Роберт Купер, современиот свет се карактеризира со три типови на држави и тоа предмодерни, модерни и постмодерни. Предмодерни држави во кои Купер ги класифицира Сиера Леоне, Камбоџа, Албанија и на нив сличните, се оние држави во кои постојано владее хаос. Односот на богатиот свет кон овие држави се состои во тоа што од време на време ќе им биде пружена хуманитарна помош или ќе бидат казнети за одредени нивни провокации. Втората група на држави се Модерните држави (државите од Југоисточна Азија, Средниот Исток и Латинска Америка). Овие држави имаат силна верба во суверенитетот и немешањето во внатрешните работи на друга држава. И на крај постмодерните држави (САД, ЕУ, Канада) се држави кои „креваат раце од својот суверенитет", го подржуваат меѓусебното поврзување, нивната безбедност не зависи од рамнотежата на силите туку од меѓународното ограничување на сите воени капацитети. Според Купер, модерните и постмодерните држави не треба да ги загрижуваат судирите кои се одвиваат во предмодерните држави затоа што тие претставуваат нивни внатрешни проблеми. Главни потенцијални противници на постмодерните држави, според Купер се националистичките држави кои имаат карактеристики на предмодерните, модерните и постмодерните држави, какви што се Ирак, Иран, Русија и Кина како и нивните внатрешни проблеми[17].

Генерално политичко-географските прогнози се засноваат на реални претпоставки, но од друга страна има и такви кои се обележени со еден краен субјективизам и кои застапуваат одредени интереси.

---

[16] Исто. стр. 128.
[17] Исто. стр. 129.

## ЗАКЛУЧОК

За политичката географија може да се каже дека претставува една од најновите креации во развојот на географските дисциплини, при што политичко - географските и геополитичките гледишта не се составен елемент само на географските, туку и на многу други различни трудови.

Посебна предност во поглед на изучувањето на политичката географија, претставува фактот што таа се карактеризира со една комплексност при проучувањето на просторот. Оттука, имајќи ја во предвид постојаноста на конфликтите во светот, може да се увиди дека политичката географија како една од основите за разбирање на политичките, стратегиските и геополитичките интереси на државите, се одликува со големи можности за практична примена. Односно, политичко-географските истражувања претставуват обид во широката лепеза на детерминанти кои го определуваат развојот на државите и регионите да се трасираат најоптималните патишта за развој притоа избегнувајќи ги современите безбедносни предизвици.

(Рецензент: *Проф. д-р* Милош Змејковски)

## ЛИТЕРАТУРА

1. Бацаров З., (1999), *„Геополитички системи“*, София: Фондация „Свободна и демократична България“.
2. Brzezinski Z., (1999), *"Velika šahovska ploča"*, Zagreb: Inted i Hrvatska udruga za međunarodne studije.
3. Vukadinović R., (1999), *"Chalenges to Security in Southeast Europe"*, in Croatian Political Review, Vol.36, No.5, Zagreb: Faculty of Political Science
4. Darling D., Tairbairn, D.(eds.), (1997), *"Mapping-Ways of Representing the World"*, Essex: Longman.
5. Дугин А., (2000) "О*сновы Геополитики*", Москва: Арктогея
6. Карастоянов, С., (1997), *„Политическа география, геополитика, геостратегија“*, София: Университетско издателство „Св. Климент Охридски“.
7. Pavić R., (1973), *"Osnove opće političke geografije, geopolitike i geostrategije (I i II deo)*, Zagreb: Sveučilište u Zagrebu, Fakultet političkih znanosti.
8. Pepper D., Jenkins A. (eds.), (1985), *"The Geography of Peace and War"*, Oxford: Basil Blackwell.
9. Taylor J.P., (1993), *"Political Geography, World Economy, Nation State and Locality-third edition"*, Essex: Longman Scientific & Tehnical.
10. Turek F., (2000), "Novi svjetski poredak", Međunarodne studije, Vol I., br. 1., Zagreb
11. Hall D., Danta, D. (eds.), (1996), *"Reconstructing the Balkans - A Geography of the New Southeast Europe"*, Chichester: John Wiley & Sons Ltd.
12. Cvrtila V., (2000), "*Croatia - the Geopolitical 'Gateway' to Southeast Europe*", Garmish-Partenkirchen: George C. Marshall European Center for Security Studies.

## SUMMARY

Toni MILESKI

## GENESIS OF POLITICAL-GEOGRAPHICAL UNDERSTANDING

This study treats the genesis of political-geographical understandings, starting from the antic period and ends with the World War I, then two most exploited political-geographical terms "Heartland" and "Rimland" are treated, and in the end the autor presents the political-geographical prognoses after the end of World War II till today.

The basic premises of this work is to point the adventage that comes from assessment of the political geography, that caracterisired it self with complex approach while analyzing the area. Taking in consideration the constancy of the conflict in the world, we can see that the political geography as one of the basic elements for understanding of political, strategic and geopolitical interest of the countries, expresses it self with great opportunities for a practical usage.

***Key words:*** *political-geographical, understanding, heartland, rimland, geopolitica.*